Иван МИКУЛЧИЌ

# СТОБИ ВО ПРЕДРИМСКО ВРЕМЕ

## — топографски осврт —

Првиот пишан податок за Стоби потекнува од 197 година пред н.е., кога на тоа место македонскиот крал Филип V ја поразил дарданската војска[1]. Настанот го раскажува Тит Ливие користејќи некој постар извор, веројатно од Полибие (2 век пред н.е.).На друго место Ливие му додал на Стоби „стар град“.

Колку е стар градот Стоби и дали предримската населба имала обем и значење на еден град? Можеме ли преку археолошките наоди да одговориме на ова значајно прашање?

Најстарите остатоци во Стоби се сосем малобројни. Тие лежат скриени во неколку микро-региони што само ги насетуваме, под темелите на римскиот и доцноантички град. Досега се ископани неколку единечни наоди од архајско време (7—6 век од ст.е.) кога веројатно бил зачнат животот на ова место[2] Меѓутоа и од следните векови (5—3 век од ст.е.) познати се само неколку осамени наоди[3]. Дури во 2 век пред н.е. наодите стануваат бројни и од тој момент ние денес можеме да го следиме раѓањето на Стоби.

Преку досегашните ископувања во Стоби, особено во рамките на југословенско-американскиот проект од 1970—1980 г., со голем број сонди на разни места беше достигната здравица Тоа вкупно изнесува околу 1000 м², а од толкава површина очекувавме неспоредливо повеќе наоди од предримско време отколку што навистина се откриени.

---

[1] Titi Livii Ab urbe condita libri XXXIII, 19; — XXXIX, 53.

[2] Наодиве ги прикажав во: Некои нови моменти од историјата на Стоби, Студии за старините во Стоби (натаму: Студии) кн. III, Т. Велес 1981, 205—208 и сл. 1—5.

[3] Ђ. Мано — Зиси, К питању стратиграфије у Стобима, Зборник радова Нар. музеја књ. II, Београд 1959, 355—357 (народите под Епископската резиденција, 5 век пред н.е.); — Истиот, Проблеми стратиграфије и урбани развој Стоба, Студии кн. I, 1973, 198, 226 (наодите под Цив. базилика).

Причината за ова лежи во фактот дека населбата од предримско време зафаќала само мал простор, на северниот крај на римскиот град. Ова порано не го знаевме и на тој простор не е речиси ништо истражувано[4]. На останатиот простор, под римските и доцноантичките градби, нема постари остатоци, а само на неколку мали потези лежат по неколку гробови од предримско време[5].

Голем дел од предримските наоди од Стоби веќе се одбележани или прикажани во одделните извештаи, белешки па и студии, но секогаш или сумарно, или само во врска со некој одделен проблем[5a]. Меѓутоа, нашите сознанија денес ни овозможуваат да ги споредиме сите заедно и преку нив да одговориме на горе поставените прашања.

## Хеленистички гробови

Пред да почнеме со дискусија околу главните проблеми, најпрвин ќе прикажеме 2 хеленистички гроба од Домус фулоника кои досега не биле претставени на јавноста. Во натамошниот текст ќе го допрам и гробниот наод под Цивилната базилика, што неправедно бил оспоруван.

---

[4] Позицијата и контурите на предримската населба во Стоби прв пат ги прикажав во студијата: Über die Grösse der spätantiken Städte in Makedonien, Živa Antika god. 24, Skopje 1973, 194—199 и План 1; потоа во: За големината на доцноант. градови во Македонија, Историја год. X—2, Скопје 1974, 351—357 (косо шрафирана зона „А“ на планот). Ѓ. Мано — Зиси во н.д., Студии I, 199, 227, сосем слободно и неосновано зборува за хеленистичкиот Полис и Акрополис, за Хиподамовиот систем во урбаниот план на хеленистичкиот град Стоби и бројните други произволни и неточни работи кои воопшто не постоеле ниту можеме да ги претпоставиме во тоа време. Сондирањата на „Акрополата“ прикажани се во извештајот на J. Wiseman and Đ. Mano — Zissi, Excavations at Stobi, 1971, American Journal of Archaeology (натаму: JW — MZ, AJA) Vol. 76, New York 1972, 411—412.

[5] За гробовите во ј. двор на палатата на Перистерија сп. И. Микулчиħ, Стоби, Перистерија — касносхеленист. гробови, Археолошки Преглед бр. 8, Београд 1966, 113—114; — В. Соколовска, Истражувањата во куќата Перистерија, Студии II, 1975, 135; — JW—MZ, AJA 77, 1973, 401—402. — За наодите под римскиот театар сп. Al. Wesolowsky, Burial customs in the West Cemetery, Studii I, 98; isto i E. Gebhard, The Theater at Stobi: a Summary, Студии III, 1981, 13.

[5a] Хеленистичката керамика од Стоби е обработена од В. Андерсон — Стојановиќ во нејзината докторска дисертација — сп. истата, Cultural Implications of Pottery at Stobi, Студии III, 47—60. Истата е опфатена и во дисертацијата на В. Битракова, Хеленистички наоди во СР Македонија, 1985 г. (во печат).




Сл. 1 — Домус фулоника, с/и трем од перистилот со гробовите 312 и 313

Објектот Домус фулоника бил доцноримска палата што ја истражувавме од 1970—1976 година[6]. Во средина имала квадратен двор врамен со перистил, на кој гледале 2 спротивно градени триклиниуми. Палатата била руинирана и преградена во доцниот 4 век, а во средината на 5 век уништена во голем пожар. Врз урнатините подоцна биле градени мали куќи и колиби со широк отворен простор околу нив. Тие живуркале до доцниот 6 век.

Под доцноримската палата откривме делови од помали раноримски градби (1—3 век). Со сондирање на низа места стигнавме и до здравица. На тој начин, во с/и трем на перистилот откривме и 2 хеленистички гроба (бр. 312 и 313), оддалечени 7 м. еден од друг.

**Гроб 312.** Го откривме во 1974 г. Бил вкопан во здравица од чакал. Сев. крај и ист. раб од гробот не се откопани бидејќи врз нив наседнале темели од римските зидови бр. 65 и 77 (3 и 4 век).

Гробот бил граден од тенко цепени камени плочи (локален сив песочник), во форма на циста. Сочувани се делови од венецот и дното; при градењето на римските ѕидови гробот бил делумно растурен, некои коски изместени и исфрлени, а тоа се случило веројатно и со некои гробни дарови. Веднаш врз коските била насипана нивелета на римскиот под.

Гробот имал ориентација с-ј со мала деклинација кон с/и — ј/з. Однатре бил широк 0,36 м, а долг околу 1 м. Скелетот потекнувал од мало девојче испружено на грбот, со главата на северниот крај. Рацете биле преклопени на градите и мевот.

На просторот на градите и мевот беа расфрлени 25 стаклени зрна од ѓердан и 7 каури-школки (сл. 2, 3). Ѓерданот се состоел од 2 зрна со бочвеста форма, од сино стакло со бела лента околу средината и 1 зрно со иста форма и боја, меѓутоа со 4 втиснати жлеба по должина; 1 колут од сина стаклена паста, порозна и со сиво-бела лушпа; 19 колути од темно-зелено и темно-сино стакло, со проста форма; 2 тенки колута од бело-жолтеникава паста (сл. 3).

Стаклените зрна од овој тип откриени се порано во Стоби, во гробот 102, датиран со монета на Филип V во почетокот на 2 век пред н.е.[7]. Вакви зрна се ископани и во еден гроб во блиското Згрополци, со монети ковани под Филип V (автономни

[6] И. Микулчиќ, н. д., Историја X, 355—356; — Истиот, н.д., Студии III, 208—223; — Истиот, Der Untergang der Paläste im spätantiken Stobi, Nordmakedonien (Symposium Palast und Hütte, Berlin, Nov. 1979), Mainz 1982, 535—554. Претходни извештаи на JW—MZ, AJA, 75, 1971, 402—403; — AJA 76, 1972, 420; — AJA 77, 1973, 397; — Истите, Excavations at Stobi 1973—74, Journal of Field Archaeology (натаму: JFA) Vol. 1, Boston 1975, 138—140.

[7] JW—MZ, AJA 77, 1973, 401—402.




Сл. 2 — Гроб 312, основа

Македонија и Пела)[8]. Зрна од ист тип, од зелено стакло, најдени се и во една гробница всечена во карпа кај Варош — Прилеп, датирана со други наоди околу средината на 2 век пред н.е.[9].

Тргнувајќи од горните аналогии, можеме и гробот 312 да го датираме од почетокот до средината на 2 век пред н.е.

**Гроб 313.** Го откривме на јужниот крај на тремот, во сонда со која продревме до здравица. Сондата беше голема 2,80 х 1,50 м. така што целосно го откопавме гробот и најголемиот дел од жртвените слоеви врз него (сл. 4, 12). Надгробниот насип го констатиравме интактен, одгоре покриен со слој од речен чакал врз кој бил формиран подот на римскиот перистил.

Жртвените слоеви врз гробот имале вкупна дебелина од 0,70 м. На горното ниво се протегала интензивно горена црвена лушпа, врз која биле расфрлени цепени камени плочки, делови од голема винска амфора и убава чинија со црн фирнис (сл. 6). Во слоевите што ги следевме надолу беа најдени делови од квалитетни хеленистички вази (трпезни и амбалажни) — од околу 20 чинии, купи и др. Заедно со нив беа најдени и многу животински коски, делумно изгорени. Тоа се несомнено остатоци од задгробен (или погребен) банкет. Има најмногу коски од свиња (веројатно била цела жртвувана и изедена), потоа од зајаци и овца-коза (Лот 1637).

Во најдолниот слој горетини, над самата гробна јама, најдовме бронзена монета, кована во Солун во 158 — 149 год. пред н.е.[10]

На истата нивелета (в 145,80 м.) се појавила тврда и стерилна глинена здравица со темно-жолта боја. Во неа е всечена гробната јама. Јамата има правилна четвртеста форма, голема 1,95 х 0,65 м. Зидовите ѝ се вертикални, а дното рамно. Длабока е 1,05 м.

Гробот е ориентиран во с/и—ј/з насока. На дното најдовме сосем слаби остатоци од скелет, од возрасна особа: делови од нозе и раце, ребра, неколку рбетни прешлени. Нозете биле испружени на с/и, а главата на ј/з крај.

Во пределот на десниот бут лежела мала глинена ламба, свртена со дното нагоре. Во неа затекнавме добро запазен фитил (Л-75-1; сл. 5). На дното биле расфрлени и 8 мали же-

---

[8] H. Gaebler, Die antiken Münzen von Makedonia und Paionia, II, Berlin 1935, 2—7, 93—96, 117—120 (датирани од 187—168 г. пред н.е.); според D. R. Sear, Greek Coins Vol. I, (ed. Seaby), London 1978, p. 146, 147, овој тип на автономни пари на Македонија и Пела е датиран од 196—168 г. пред н.е.

[9] I. Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do vremena Avgusta, Diss. iug. III, Skopje — Beograd 1966, 77, 78.

[10] H. Gaebler, op. cit., 117—120; според D. R. Sear, op. cit., p. 149, No. 1465 ff, овие монети биле ковани од 158—149 г. пред н.е. и подоцна.







Сл. 3 — Наоди од гроб 312 (избор)
Сл. 4 — Гроб 313 — пресек

лезни клинци. Според распоредот на истите како и трагите од дрво на нив, помислуваме дека умрениот бил ставен во дрвен сандак или носилка.

Гробот 313 може да се датира според најдената монета (158 — 149 г. ст. е.), исто така и според ламбата. Оваа е од атички тип, од групата 39 по Хоуленд, а во атинската Агора се појавува во доцниот 2 век ст. е.[11]. И грнчаријата најдена во жртвениот слој може да се датира во исто време. Има карактеристични форми и фирнис. Бојата му варира од жолто-кафеава до темна и црна со карактеристичен метален одблесок и ситно-зрнеста „графитна“ структура. Ова се јужноиталски хеленистички садови, од Кампанија[12]. Кампанската фина грнчарија доминира меѓу сите наоди во Стоби во доцниот 2 и во 1 век ст. е., заменувајќи ги дотогашните грчки-егејски производи што биле увезувани ваму.

Една друга група наоди од гробот 313 збунува, бидејќи не припаѓа ваму ниту временски, ниту културно. Ги најдовме расфрлени во темната земја со која била засипана гробната јама. Тоа се парчиња од неколку праисториски садови работени со проста рака. Потекнуваат од 1 чинија и од неколку лончиња. Меѓу нив се издвојува фрагмент, боен со темно-кафеава („мат“) боја на светло-жолтеникаta подлога (С-75-12; сл. 7). Како мотив има шрафиран триаголник. Стилски спаѓа во карактеристичната доцногеометриска „мат-боена“ керамика од областите на југозападна Македонија и Епир, од 7 и раниот 6 век ст. е.[13]

Останатите парчиња носат обележја на попроста локална железнодобна керамика. Покрај нив најден е и бронзен биконичен бочвест приврзок-амулет (МФ-75-1). Вакви амулети, погрешно одбележани како „биконични перли“, се многу чести во гробовите во Македонија од доцниот 8 до раниот 6 век ст. е.[14]

Прикажаните наоди збунуваат на прв поглед. Што бараат тие во доцнохеленистичкиот гроб? Одговорот лежи единствено во можноста на ова исто место, или во непосредна близина, да бил вкопан гроб во 7—6 век од ст. е. Со неговите остатоци многу подоцна бил засипан гробот 313, од доцен 2 век пред н.е.

---

[11] R. H. Howland, The Athenian Agora Vol. IV. Greek Lamps and their Survivals, Princeton 1958, 124, 125 (Type 39).

[12] V. Anderson — Stojanović, op. cit., 49, 50, сл. 1, 2.

[13] И. Микулчиќ, Пелагонија, 24, 28—30 и прив. литература; истиот, н.д., во Студии III, 206, 207.

[14] K. Kilian, Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Agäis und Adria, Prähist. Zeitschrift Bd. 50, Berlin 1975, 101—102.







Сл. 5—8 — Гроб 313, наоди (избор)
Сл. 9 — Перистерија, гроб 102, унгвентариј

*
* *

Напред спомнавме дека доцнохеленистички гробови има и под палатата на Перистерија, во јужниот двор. Првиот гроб таму го открив во 1966 год. меѓу апсидите на двете сали, под темелите. Датиран е со убава дводелна пиксида, украсена во стилот „West Slope“, на почетокот од 2 век од ст. е. (сл. 9).[15]

Ова беше прв гробен наод од хеленистичко време што е откриен под римските градби во Стоби. Благодарение на ова, успеав грубо да ги лоцирам позицијата и обемот на предримската населба Стоби. За да го провери ова, Вајсман поставил нови сонди во 1972 година и на истото место открил уште 4 гроба (бр. 99 — 102). Истите се датирани со стаклени мониста, вретенест унгвентариј (сл. 10) и монета на Филип V во раниот 2 век од ст. е.[16]

И во јужниот дел на римско Стоби, под орхестрата на театарот, се ископани остатоци од разорени хеленистички гробови (бр. 87 и 97, на почетокот на источниот пародос).[17] Поблиско датирање нема.

## Предримска населба Стоби

1. Тргнувајќи од позицијата на хеленистичките гробови можеше сумарно да се определи и позицијата на населбата од тоа време. На мое инсистирање, во 1972 год. беа поставени 2 сонди на „акрополата“, највисокиот дел од терасата на с/з крај на Стоби. Во сондите, во најдолните слоеви, се откопани делови од куќи и улица датирани со керамика и монети (Филип V) во 2 век пред н.е.[18]

---

[15] Идентични наоди кај С. Дакарис, Ахеронт, Практика 1971, 113, сл. 69а (со монети од 233—167 г. пред н.е.). В. Соколовска во н.д., Студии II, 135, ја датира во доцен 3 век; исто и јас во н.д., Археол. Преглед 8, 113—114. Сродни пиксиди од поразвиен тип, од полниот 2 век пред н.е. кај В. Соколовска, Исар — Марвинци, Жива Антика Год. 12, Скопје 1981, 180 и сл. 18—21 (гроб 17).

[16] JW—MZ, AJA 77, 1973, 401—402. Сите 4 гроба биле скелетни; гр. 100 бил покриен со камена плоча (циста), гр. 102 со големи тегули (лаконски тип). Во гр. 100 и 101 се најдени само по 1 монета од Филип V, а во гр. 102 вретенест унгвентариј, 4 стаклени зрна и 1 монета од Филип V.

[17] E. Gebhard, op. cit., Студии III, 13, само спомнува дека има траги од вакви гробови под орхестрата. Al Wesolowski, op. cit., Студии I, 98, само ги спомнува гробовите 87 и 97 под источниот пародос.

[18] JW—MZ, AJA 76, 1972, 411—412.



10



Сл. 10 — Перистерија, гроб 1/66: пиксида
Сл. 11 — Гроб 313

Поведени од старите ископувања во објектот Цивилна базилика (1955—56 год.) кои дадоа и хеленистички материјал (грнчарија, особено калапени „мегарски“ чаши),[19] во 1971 год. беа изведени нови ископувања со кои е откопан и доцнохеленистички слој (2 и 1 век пред н.е.). Карактерот на наодите укажува дека тука лежела периферијата на хеленистичката населба, надвор од бедемот. Еден затворен наод од ова место привлекува посебно внимание. Тоа е овална јама вкопана во здравица од чакал, исполнета со пепел, ситно изгорени човечки коски и делумно нагорени животински коски. Врз горетините во јамата биле поставени 2 хеленистички ламби, 1 коскен стилос (за пишување) и убав килик боен со црн фирнис. Очигледно е дека е во прашање гроб со кремација од крајот на 3 или раниот 2 век пред н.е., а не обично огниште на што инсистираше Џ. Вајсман.[20]

Во соседниот објект Синагога-Базилика, во 1971 година, под темелите на римската градба беше откриена голема керамичарска печка од хеленистичко време. Јасно е дека била лоцирана надвор од градскиот ѕид на хеленистичко Стоби. Десетина метра ј/и од неа, во здравица била вкопана остава од 504 римски денари, 1 викторијат и 1 атинска тетрадрахма. Ова богатство било скриено веројатно пред провалата на Скордисците во 119 год. пред н.е.[21] Благодарение на споменатите наоди можеме денес поточно да го определиме јужниот крај на населбата од 3 — 2 век од ст. е.

Релјефот на северниот дел од терасата и денес е многу остар и јасен. Најјасно се оцртуваат западниот и северниот раб на платото, кој тука стрмно паѓа во алувијалното корито на Вардар, 20 м. пониско. По спомнатиот раб бил повлечен градскиот ѕид во римско и доцноантичко време, а логично е дека по истата

[19] Наодите под цивилната базилика ги спомнува Ѓ. Мано — Зиси, н.д., Студии I, 197—198 односно 226, макар што ги меша со наодите од 1—3 век н.е.

[20] JW—MZ, AJA 76, 1972, 412. Моите сугестии ги прифатил Мано — Зиси во н.д., Студии I, 227, меѓутоа овој значаен наод сеуште лежи необработен. Блиску до него, во 1955 г. беше откопана една слична јама во здравицата, оградена делумно со плочи и исполнета со горетини и коски (сп. Мано — Зиси, н.д., 198, 226) а содржуваше 2 раноархајски бронзени предмети (двојна игла и египетски приврзок) што се наоѓат само во гробовите од тоа време; сп. И. Микулчиќ, н.д., Студии III, 207, сл. 4, 5. Длабоко сум уверен дека и ова бил гроб, од доцниот 7—6 век пред н.е.

[21] Големата печка и керам. работилница, многу грнчарски шкарт и парчиња од калапи за теракоти зборуваат за жива керамичарска продукција на ова место во текот на 2 и раниот 1 век пред н.е. — сп. JW—MZ, AJA 76, 1972, 409—411, Pl, 85, 86. Монетите се обработени од M. H. Crawford, The Stobi Hoard of Roman Republican Denarii, Studii I, 1—22.

линија водел и хеленистичкиот ѕид. Други можности навистина нема. Од тие страни не е тешко да се одреди периметарот и на најстарата населба.

Јужната страна на хеленистичката населба се потпирала на едно благо и доста широко седло кое попречно го сече платото. Долж седлото бил просечен и одбранбен ров, од западниот раб па низ падината кон ј/и, во правецот кон Синагога-Базилика. Неговите траги и денес јасно се гледаат во горниот дел на платото.

Градскиот ѕид се протегал — тоа е логично — зад овој ров и некаде западно од Синагога скршнувал кон север, следејќи ја стрмината на источниот раб на платото. Во голем лак опфаќал еден истурен јазик и избивал на Вардарската падина (водорамно шрафирана зона на планот на Стоби).

Надвор од предложената линија нема никакви индиции дека населбата можела да се шири. На јужниот и ј/и дел од периметарот што го наведовме лежат спомнатите наоди под Синагога-Базилика и Цивилната базилика. Во подножјето на источниот раб на терасата во тоа време се протегал западниот ракав на Црна река, засипан во римско време.[22] Под северната и западната падина непосредно течел Вардар, така што населбава била природно бранета со реки од три страни. Прикажаната површина зафаќала максимално 2,5 ха.

Ова сознание е извонредно значајно за нас. Толкава големина имале најмалите гратчиња (полисмата) од хеленистичко време во нашата република. Големите населби (на пр. кај Кнежје, Дреново, Глишиќ, Демир Капија, Шопур, Валандово; бројни пелагонски населби) зафаќале површина од 10 — 20 хектари!

Судејќи по оваа големина, Стоби во предримско време било само мало гратче. Според она што го знаеме тоа немало некои други посебни вредности или значење. Во прилог на ова зборува и римското населување во Стоби. Римјаните се населувале само таму каде имало доволно пуста земја без стопани или други стопански и стратешки вредности, а без да мораат да го загрозат домашниот елемент, — да го преселуваат и сл.

Во уводот на овој текст поставивме и прашање колку старо било Стоби. Ако тргнеме од прикажаните наоди, одговорот е доста јасен. Од времето на независната Пајонија регистрирани се само неколку одделни ситни наоди. Дури откако Филип V ја присоединил Пајонија кон Македонија, (во 217 г. ст. е.) во Стоби останаа бројни археолошки траги. Се добива впечаток дека

[22]Раседлината, создадена од слегнувањето на почвата долж некогашното корито, и денес се гледа многу импресивно на римската Мала бања, пресечена буквално на две. За сè сп. R. L. Folk, The Geologic Framework of Stobi, Студии I, 37—59 и сл. 24 — пресек на геол. почва на Стоби.

на местото на Стоби во распонот од 7 до доцниот 3 век од ст. е. живуркала само безначајна група живеалишта а дури под македонска власт — од крајот на 3 век пред н. е. и натаму — било оформено гратче за кое зборуваме.

O O O

Римскиот град Стоби израснал непосредно околу постарата населба. Новите куќи биле градени и преку дотогашните гробишта. Новиот град бил испланиран и зачнат наеднаш, на подготвен терен што бил околу 8 пати поголем од дотогашната населба. Што знаеме за почетоците на римскиот град?

И на ова прашање најповеќе светло фрлаат гробовите. Тоа се гробови од раноавгустовско време, вкопани во последните децении од 1 век пред н. е. и подоцна. Извонредно значење за нашето прашање е позицијата на овие гробови. Сите се лоцирани надвор од периметарот на римскиот град т. е. јужно од неговиот јужен ѕид и ј/з порта („Порта Хераклеја"). Ова е јасен доказ дека во почетниот момент веќе постоел определен простор, планиран за градот што сукцесивно ќе се гради и простор определен за новите гробишта. Линијата што ги делела двата простори не е менувана до крајот на антиката односно до крајот од постоењето на Стоби.

Гробовите од доцниот 1 век од ст. е. откопани се досега на неколку места, во тесен појас долг околу 400 м низ кој поминувал главниот пат од Порта Хераклеја кон југозапад. Во времето од 1970—1974 година, на 50—70 м пред Порта Хераклеја беа откопани во една сонда (20 x 15 м) околу 50 гробови од почетниот период („раноавгустовски").[23] На 80—100 м далеку од овие, зад туристичката ограда со која Стоби е обградено од ј/з, во неколку наврати беа изорани гробови со наоди од доцен 1 век од ст. е.[24]. Истовремени гробови се откриени и близу северниот крај на Гробишната базилика односно на 230—240 м ј/з од Порта Хераклеја, потоа на 400 м ј/з од истата порта.[25]

Просторот долг 400 м на кој се среќаваат раноавгустовските гробови зборува и за бројноста на населението, населено во првиот колонизаторски бран со кој бил основан римскиот град.

[23] Al Wesolowsky, op. cit., Студии I, 97—142, особено 103 и 107—110; претходни извештаи од JW—MZ, AJA, 75, 1971, 403—406; 76, 1972, 413—417; 77, 1973, 401—402; истите во JFA 1, 1975, 133—138.

[24] Првиот гробен наод од 20-ина теракоти, случајно изоран во 1965 г., изложен е во Нар. музеј во Т. Велес, евидентиран погрешно „од Паликура". Истовремени гробни наоди изорани се и последните неколку години (теракоти, вретенести унгвентарии).

[25] JW—MZ, AJA 77, 1973, 402 (гробови 103—109 сев. од Гробишната базилика); — Al Wesolowsky, op. cit., Студии I, 98 (гробови 7 и 9 с/з од Гроб. базилика). I. Mikulčić, The West Cemetery, Excavations in 1965, Студии I, 61 и н., особено 71, 72 и сл. 31, 37—42 (гроб 35, 120 м јужно од Гроб. базилика). И на 80—100 м источно од овој гроб во последните години беа изорани гробови со кремација и со вретенести унгвентарии.

Судејќи по густината на гробовите, откопани во сондата пред Порта Хераклеја, треба на целиот простор што го спомнуваме да очекуваме неколку илјади гробови од времето на Октавијан Август и Јулии-Клавдии. Тоа е временски распон во кој изумрела првата генерација населена во Стоби.

Горе изнесените податоци и заклучоците што ги нудат тие се логични и реални. Преку нив ние се соочуваме со еден нов, досега непознат момент од историјатот на Стоби: на кој начин бил оформен римскиот град, и со какви жители?

Тргнувајќи од изнесената констатација дека просторот на новиот град бил јасно одвоен од некрополата уште во раноавгустовско време, реално е да заклучиме дека и самиот град не бил населуван стихијно и проширувал сукцесивно туку планиран однапред и населен веројатно со еден голем бран на нови жители. Со ова не мора да замислиме дека веднаш целосно бил изграден и урбанизиран просторот од 20 хектари, колку ќе опфаќа Стоби во 2—3 век. Доволно е да сфатиме дека во најголемиот дел од овој простор, со досегашните ископувања беа констатирани и скромни градби од овој ран период. Тие се расеани низ ареалот на римскиот град, со исклучок на неговиот најјужен дел.

И бројноста на гробовите е импресивна. Очигледно е дека римскиот град бил планиран однапред за голем број жители и населен, во голем дел, наеднаш. Историски гледано, тоа би можело да се поврзи само со населувањето на римските војници во Македонија на крајот од граѓанските војни. Тогаш биле основани 8 римски колонии во провинцијата Македонија. Најголемата меѓу нив, Филипи, била основана од војниците на Марко Антоние уште во 41. г. пред н. е., а Октавијан Август подоцна ја обновил и многу ја проширил.[26]

Верувам дека и населувањето на Римјаните во Стоби се случувало во исто време. Тоа впрочем го потврдуваат гробните наоди. На тој начин Стоби добило римски карактер при своето основање, во доцниот 1 век пред н. е. Тогаш станува јасно зошто во пописот на Агрипа, на преминот од старата во новата ера, Стоби гордо носат епитет „oppidum civium Romanorum".[27]

Привлечени од Римјаните и нивната политичка и стопанска моќ, во Стоби се населувале истовремено и жители од околината и населеници од хеленистичкиот свет (Егеја, Блиски Исток). Гробовите што досега се откопани им припаѓаат главно ним, а

---

[26] P. Collart, Philippes, ville de Macédoine, Paris 1937 27 и н. 232 и н.
[27] Plinii Naturalis Historia IV 34. Според F. Papazoglu, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 235.

не на Римјаните. Преку анализа на гробните форми и погребните обичаи во Стоби секако ќе се фрли многу повеќе светлина на прашањето каков бил етничкиот состав на првите населеници во римско Стоби.[28]

## Zusammenfassung

Ivan MIKULČIĆ

## ZUR TOPOGRAPHIE DES VORRÖMISCHEN STOBI

Die grösste römische Stadt im mittleren Wardarlauf, Stobi, ist schriftlich zum ersten mal im J. 197 v. Chr. erwähnt (T. Liv. XXXIII, 19). Mit umfangreichen archäologischen Ausgrabungen, besonders in den Jahren 1970—1980, sind an vielen Stellen die tiefsten Schichten der Stadt erreicht, doch die Reste aus vorrömischer Zeit sind immer recht selten geblieben. Auf Grund aller bisherigen Funden kann man eine folgende Rekonstruktion herzustellen:

1. Die Streufunden aus den 7—4. Jh. v. Chr. als Reste von Gräbern, deuten an eine ganz kleine paionische Ansiedlung auf diesem Boden hin (Nr. 1—3 auf dem Plan).

2. Zur Zeit des Philip V, der Paionien zu Makedonien annektiert hat, kann man an mehreren paionischen Ansiedlungen am mittleren Vardarlauf eine breite Kolonisation beobachten (Marvinci — Gortynia, Demir Kapija — Stenai, Negotino — Antigoneia, Sgropolci — Gurbita), auch in Stobi. Aus dieser Zeit sind Reste von Architektur am höchsten Teile der Terrasse, im Vardar-Bogen am Nordende der römischen Stadt ausgegraben. An der SW - Periphärie dieser Polisma, die jetzt schon eine Fläche von 2,5 ha umfangen konnte, sind auch Reste von Werkstätten und einem Töpferofen ausgegraben und weiter nach Westen, unter den späteren römischen Gebäuden, auch Gräber aus dem 2. Jh. v. Chr. gefunden worden (Nr. 4—9 auf dem Plan). Wie es scheint, war das Leben in Stobi in den letzten zwei vorchristlichen Jahrhunderten sehr intensiv gewachsen.

---

[28] Обемниот фонд на податоци од преку 300 гробови, откопани во Стоби од 1970—1975 г., треба целосно да биде обработен од Ал Весоловски од Бостон како автор на овие истражувања. Дотогаш, овој драгоцен материјал ќе остане недостапен на нашата јавност.

3. Am Anfang der Augustäischer Zeit ist in Stobi zu einer neuen und viel breiteren Kolonisation gekommen. Das kann man durch eine neue Topographie von Funden aus dieser Zeit zusammenzustellen. Die neuplanierte, römische Stadt war auf einer Oberfläche von rund 20 ha ausgedehnt. In fast ganz diesem Raum sind durch Ausgrabungen auch Baureste aus der augustäischen Zeit konstatiert worden. Ein mächtiger Wehrgraben der in dieser Zeit die Siedlungsterrasse in ganzer Breite durchgeschnitten hatte, sollte die neue Stadt von der SW - Front schützen· Dieser Wehrgraben bleibte bis zum Ende des Bestehens von Stobi auch feste Grenze zwischen der Stadt und der Nekropolis. Gleich hinten dem Wehrgraben fingen die ältestes Gräber der römihen Stadt an. Die Gräber der augustäischer Zeit, ab 30 J. v. Chr., dehnen sich neben dem Hauptweg gegen Süden, in einem Streifen mindestens 400 m weit. Ihre Anzahl und ihre Lage sprechen deutlich für die Zeit und die Art der Gründung des »Oppidum civium Romanorum«.